Јавно претпријатие за одржување и заштита
на магистралните и регионалните патишта
"МАКЕДОНИЈАПАТ" ц.о.
Бр. 02-849/2
25.04.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19) и член 23 став 2 точка 1 од Статутот на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта "Македонијапат" - Скопје, Управниот одбор на седницата одржана на 25.04.2019 година донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**

за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат" - Скопје

**Член 1**

Во Статутот на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта "Македонијапат" – Скопје бр. 01-251 од 04.06.2012 година, бр. 02-611/7 од 30.09.2013 година, бр. 02-56/8 од 15.01.2015 година и бр. 02-545/3 од 12.03.2015 година во насловот и членот 1 алинеја 1 зборот „Македонијапат" се брише.

**Член 2**

Во членот 4 став 1 зборот „Македонијапат" се брише.

Ставот 2 се брише.

**Член 3**

Во членот 13 став 1 зборовите „Република Македонија" се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија".

**Член 4**

Се овластува стручната служба на Јавното претпријатие по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија на оваа статутарна одлука за изменување на Статутот да изготви пречистен текст на Статутот на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје.

**Член 5**

Оваа статутарна одлука влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла во Јавното претпријатие, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

**УПРАВЕН ОДБОР**
Претседател
Sordana
Билјана Симонова – Тасева